БИОГРАФИЈА

Од Звездан Кариски, роден на 15.08.1963 година, со адреса на живеење на ул. ,,Црвени Стени'' бр. 24 во Прилеп.

Основно училиште завршив во ОУ ,,Кире Гаврилоски - Јане''.
Средно образование завршив во Ц.С.О ,,Нико Нестор'' во Струга и се стекнав со образование градежен техничар.

Високо образование дипломирав на градежен факултет во Скопје на универзитетот ,,Кирил и Методиј'' и се здобив со право на стручен назив Дипломиран градежен инженер.

На ден 12.11.1996 година се вработив во Општина Прилеп како градежен инженер, а во 1997 година бев назначен за Раководител на комунално уредување во Општина Прилеп.

Во периодот од почетокот на 1997 година со решение од Градоначалникот на Општина Прилеп бев надзор на сите градежни објекти што ги градеше Општина Прилеп.

На ден 01.11.2001 бев вработен во Фондот за локални патишта на општина Прилеп се до ден 31.12.2004, каде што работев како градежен инженер, истовремено и надзор над сите објекти што ги градеше фондот за локални патишта на Општина Прилеп.
Во периодот од 1997 година до 31.12.2004 година бев задолжен за изработка на годишните програми за комунално уредување на Општина Прилеп и постојан надзор за градбата во делот на улици, канализации, патишта, водоводи.
Во истиот период учествував во безброј комисии, во јавни набавки, при што се донесени многу одлуки во тој период.

На ден 01.01.2005 година бев префрлен во Општина Прилеп а во тековната година бев назначен за овластен градежен инспектор. Во август 2016 година, доброволно си заминав од Локалната самоуправа на Општина Прилеп.

На ден 01.09.2016 година се вработив во ДИУ ,,Мике Инженеринг'' – ДООЕЛ Прилеп.

После извесен период успешна работа во Друштвото за инженеринг и услуги ,,Мике Инженеринг'', станав сосопственик во Друштвото за инженеринг и услуги ,,Мике Инженеринг'' ДООЕЛ Прилеп, кое што се трансформира во Друштво за инженеринг и услуги ,,Мике Инженеринг'' ДОО Прилеп.

Во периодот од декември 2021 година до декември 2025 година бев член во управниот одбор на ЈП за ПУП Прилеп.